30023

12973,

● НОВА МАКЕДОНИЈА ● Недела 6 март 1983 год. ● стр. 10

АРХИТЕКТУРА

# АНИМАЦИЈА НА КАЛКАНОТ

**● Кои проектите на младите архитекти и студенти по архитектура на конкурсот на БИМАС**

**БИМАС и Сојузот на друштвата на архитекти на Македонија, неодамна распишаа конкурс на тема „Калкан — ликовен и просторен третман". Право на учество на конкурсот имаа млади архитекти, студенти по архитектура и други заинтересирани, со единствен услов — да не се постари од триесет години. Како што беше наведено во конкурсот — „Задача е, вклучување на младите во II Биенале на македонската архитектура (БИМАС) и поттик за архитектонско творење, како и придонес за проширување на идеите и сознанијата за хуманизација и содржинско-обликовно уредување на градските простори". Според темата, мотивот за „интервенции" е калканот — оној, најчесто дезавуиран дел на објектите во градот.**

Иако некои од пристигнатите проекти понудија мошне интересни концепции во анимирањето на овие пасивни површини, конкурсот не може да се смета за успешен, од едноставна причина што одзивот беше под очекуваното ниво. За



**Проектот на арх. Минас Бакалчев, трета награда**

најуспешните творби беа предвидени три парични награди и пет специјални признанија, сите доделени, а лауреати се млади архтекти и студенти по архитектура.

## Повеќезначни содржини

Првонаградениот труд, (автор: Митко Хаџи Пуља) понуди најзанимливо решение. Авторот, веќе во стартот, настапува обмислено. Имено, избраните калкани за „интервенција" се делови на училиштето „Ленин". Тие се составни елементи на просторот наменет за едукација и развој на најмладите. Токму во амбиентот во кој пулсира живот, во кој се комуницира и се случуваат настани, се гради идејата на проектот. А идејата, пак, го надраснува мотивот — калкан, и се преточува во нарација со подлабока содржина. Содржината има своја угорна линија, која започнува со играта и играчките, а завршува поточно — не завршува) со слободна творечка креација. Распонот е исполнет со низа метафорични и симболични дејствија, секогаш едукативни, и во служба на формирањето на младата личност.

Во сенка на првиот калкан, најмладите се играат, а играчките се заеднички и секому достапни. Тоа е слобода на играта, но и негување на другарството и толеранција. Откако ќе ја „надраснат" нивната игра, децата го „откриваат" следниот калкан. На извишената скалеста платформа, сосема пристапно, ги очекува статуата на Ленин (тоа е име на училиштето), кого и со раката можат да го допрат. Видеоинформаторот (поставен на калканот во форма на отворена книга) им понудува сегменти од училишна програма и други едукативни информации. Сосема угоре, во аголот на калканот, блеска црвена петокрака ѕвезда — симбол на нашите определби и патоказ за иднината. Третиот пункт отвора простори за слободно креирање во возраста кога се појавуваат првите импулси за творење. Калканот тука се „трансформира" во транспарентен тродимензионален растер, во кој се случуваат „интервенции". Тој овозможува трансформации и надградување, но притоа никогаш да не стане конечна, дефинирана форма. Амфитеатарот на отворено, ги собира и ги доближува младите едни до други, негувајќи го чувството за пријателство и заедништво.

Во контексот на идејата се вклучуваат големото осамено дрво, „кровната ливада", традиционалните тополи и гулабите — верни придружници на хуманизираните простори. Повеќеслојната идеја на авторот, колку е поетична, толку е и реално применлива, а пред сѐ е содржински богата.

## Реално и асоцијативно

Авторот на второнаградениот проект (Ненад Бошковски), има сосема поинаков приод во решавањето на задачата. Понудената солуција просторно и ликовно го анимира платото пред средното училиште „Ј. Б. Тито". Распонот меѓу две фасадни платна од соседните згради, поврзани се со просторна конструкција, која формира некој вид влезни „пропилеи", оплеменети со зелени нанетки од ползавици, чие „ткаење" продолжува и врз околните објекти. Предложената „интервенција" делува привлечно и ликовно го активира овој простор, но останува впечатокот, дека изостанала идејата парабола, која проектот би го издигнала на повисоко содржинско ниво.

Овој „современ перивој", интерпретиран во ортодоксниот, алдоросиевскиот манир на постмодерната, експонира романтизирани форми, кои денес донекаде повеќе доминираат во архитектурата, отколку што се оправдани.

Третонаградениот проект, (автор: Минас Бакалчев), излегува од сферата на тактилниот свет и се движи „од другата страна на физиката". Тој е плод на едно поетизирано согледување на проблемот, проткаено со носталгичност и личниот сензибилитет на авторот, така што поприма имагинарни димензии. Меѓутоа, мисловната линија има корени во реалноста, во која под авторитетот на новото, постапно но сигурно се кинат невидливите нишки со саканите импресии од некогашната стара улица, од куќата и калканот и од настаните околу нив. Поставени на пиедестал од емоции и носталгичност ( понекогаш и без големи причини), љубоморно ги чуваме длабоко во свеста или, како кај авторот, тие летаат кон небото, недопирливи и со вечно траење. Создадена е една фелиниевска метафора, која ги надраснува вообичаените архитектонски и ликовни определувања.

Конкурсните проекти се изложени во Музејот на современа уметност, заедно со експонатите, кои ја илустрираат двегодишната архитектонска продукција во Македонија, а во организација на БИМАС, СВДАМ и МСУ.

**Радомир Волињец**